ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 30 ДАТА 04.11.2020 ГОДИНА 38

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 30 ДАТА 04.11.2020 г.


СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД ОДБОРОТ ЗА ИТНОСТ НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖЕНСКИ ФУДБАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА МАЛ ФУДБАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ**
**Седница од 03.11.2020 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „КЛИМИ„ Кавадарци: Велков П. Тошко од КМФ „Лозар 1946„ од Демир Капија по член 35/13.
Крстевски М. Душко, Китаноски С. Борис, Пауновиќ З. Душко,по.чл.35/1.
КМФ „ЦРНА РЕКА„с.Возарци: Соколов Д. Мирко од КМФ„Клими„ Кавадарци,чл. 35/13.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ**
**Седница од 03.11.2020 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЊУ СТАРС„ Скопје: Сопа Адем од ФК Шкупи 1927 АД„ од Скопје, по чл. 36/1.
Антевски Кристијан од ФК „Вардар АД„ од Скопје, по член 35/13.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИЧЕВО**
**Седница од 02.11.2020 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВЕЛАЗЕРИМИ 77„ Кичево: Салија Џ. Арлинд од ФК „Врапчишта„ с. Врапчишта, чл. 35/2.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА**
**Седница од 03.11.2020 година**

***Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПОБЕДА„ с.Ивањевци: Боневски И. Горан од ФК„Кравари„ Кравари, по чл. 35/13.
ФК „МЛАДОСТ„ с. Дедебалци: Бошковски Д. Александар од ФК „Пелагонија„ од с. Логоварди, по член 35/4.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА**
**Седница од 02.2020 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СТРУГА ТРИМ ЛИМ АД„ Струга: Неделковски Даниел од ГФК „Охрид Лихнидос„ од Охрид, по член 36/1.
ФК „ЈАНГ ТИМ„ Струга: Камбери Цеми, по член 35/1.
ФК „ВЕЛЕШТА„ Д. Велешта: Влаши Ерион, Лапоски Абдулмелик, Хани Ељвијан, чл. 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ**
**Седница од 03.11.2020 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЛОКОМОТИВА БЕНТОЕКСПОКРТ„ Скопје: Кртовци Н. Медија од ФК „Вардар АД„ од Скопје, по член 35/13.
ФК „ВИКТОРИ 2017„ Скопје: Георгиевски Г. Дамјан, по член 35/1.

❖ **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ од Скопје, фудбалерот Антевски М. Кристијан„ од Фудбалскиот клуб „Вардар АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ**

**Седница одржана на ден 03.11.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „ССК 1965„ Скопје: Франгоска И. Ника-Георгина, Франгоска И. Леона-Деметра, Димовска З. Кристина, по член 35/1.

Трајковска Љ.Бијана, Спировска И.Ива од ФК„ССК Нова„ Скопје, чл. 356/13.

ФК „ССК НОВА„ Скопје: Идриз С. Идриз, по член 35/1.

**Дополнување на Седница од 03.11.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУЛ ЗДРАВЈЕ„ Скопје: Костов Коста од ФК„Братство Влазними„Скопје,чл. 35/13.

ЖФК„СКОПЈЕ 2014„ Скопје: Ристова С. Стефанија, по член 35/1.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-2359/6
27.10 2020 год.

Управен одбор

Врз основа на член 110 од Статутот на ФФМ, Одборот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија во состав Муамед Сејдини – Претседател, Лазар Ракиџиев – член и Џонов Димитар – член, на седницата одржана на 27.10.2020 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**1.** Се менува **член 20** од Пропозициите за натпреварување во Прва футсал лига на ФФМ за натпреварувачката 2020/21 на начин што ставовите 2,3 и 4 се бришат; ставовите 5,6,7,8,9, и 10 редоследно стануваат ставови 2,3,4,5,6 и 7.

**2.** Се менува **член 19 и член 20** од Пропозициите за натпреварување во Втора футсал лига на ФФМ за натпреварувачката 2020/21 на следниот начин:
- во член 19 став 5: се прави техничка исправка и бројот 3 се менува во број 4;
- во член 20, се бришат ставовите 2 и 3; ставовите 4, 5,6,7 и 8, редоследно стануваат 2,3,4,5 и 6.

**3.**Оваа одлука стапува на сила веднаш, а ќе се потврди на наредната седница на Управниот одбор.

**4.**Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Одборот за итност на ФФМ на седницата одржана на 27.10.2020 година, го разгледа предлогот за техничка исправка и предлогот на Комисијата за футсал за измена на одредбите на Пропозициите за футсал натпреварувањата за натпреварувачката 2020/21.

Предлогот се однесува на измени на член 20 на Пропозициите за натпреварување во Прва и Втора футсал лига со кои се предлага обврската за внесување на записник на 2 фудбалери под 21 година да не се применува во тековната натпреварувачка сезона поради актуелната состојба со пандемијата со Ковид 19.

По разгледување на предлозите, Одборот за итност донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател**
**Муамед Сејдини**

Деловоден број 0202-2359/6

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-2374/2
29.10 2020 год.

Управен одбор

Врз основа на член 110 од Статутот на ФФМ, Одборот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија во состав Муамед Сејдини – Претседател, Лазар Ракиџиев – член и Џонов Димитар – член, на седницата одржана на 29.10.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**1.** Се прифаќа предлогот на Судискиот одбор на ФФМ бр. 13-2366/1 од 29.10.2020 година за зголемување на висината на таксите на контролорите во Прва и Втора МФЛ и тоа:

**2.** Висината на таксата на контролорите во Прва МФЛ се зголемува и изнесува 5.000,00 денари.

**3.** Висината на таксата на контролорите во Втора МФЛ се зголемува и изнесува 4000,00 денари.

**4.** Оваа одлука стапува на сила веднаш, а ќе се потврди на наредната седница на Управниот одбор.

**5.**Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудал.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Одборот за итност на ФФМ на седницата одржана на 29.10.2020 година го разгледа предлогот од Судискиот одбор на ФФМ за зголемување на таксата на контролорите во Прва и Втора МФЛ. Судискиот одбор предлага таксата на контролорите да се зголеми за по 1000 денари.

По разгледување на предлогот, Одборот за итност донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател**
**Муамед Сејдини**

Фудбалска Федерација на Македонија

Прва Женска Фудбалска Лига

Датум : 29.10.2020 година

Деловоден број-17-2372/1-4

Врз основ на член 30 и 32 од Пропозиците за натпреварување во Прва женска фудбалска лига, член 96 став 1 како и член 100 став 6 од Правилникот за натпревари на ФФМ, а во врска со жалба од страна на ЖФК Љуботен со архивски 17-2259/1 од датум 13.10.2020 година, во врска со натпревар од 9 коло помеѓу ЖФК Атлетико од Битола-ЖФК Љуботен од Тетово одигран на ден 10.10.2020 година, Комисијата за Женски Фудбал, на седницата одржана на ден 29.10.2020 донесе:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува жалбата на ЖФК –Љуботен од Тетово со архивски број 17-2259/1 од датум 13.10.2020 година.
2. Натпреварот од 9 коло во Прва женска фудбалска лига помеѓу ЖФК Атлетико-Битола-ЖФК Љуботен-Тетово одигран на ден 10.10.2020 година, се регистрира- со службен резултат 0-3 за гостинската екипа, поради неправилен настап ( настап на фудбалерка со друга легитимација).
3. Се предава на понатамошна дисциплинска постапка екипата на ЖФК Атлетико-Битола.
4. Делегатот/контролорот на овој натпревар, Ќулумовски Кире се предава на понатамошна Дисциплинска постапка поради неизвршување на делегатска должност според правилник на натпревари на ФФМ.
5. Одлуката да се објави на службеното гласило на ФФМ-Мак Фудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за Женски Фудбал на ФФМ, по разгледување на жалбата од страна на жалителот ЖФК Љуботен со архивски број 17-2259/1 од датум 13.10.2020 година, а во врска со натпревар од 9 коло помеѓу ЖФК Атлетико-ЖФК Љуботен одигран на ден 10.10.2020 година, констатира дека жалбата е уредно и благовремено доставена до органот за натпреварување како и уредно уплатена.

Комисијата за женски фудбал го разгледа жалбата со архивски број 17-2259/1 од датум 13.10.2020 година од жалителот ЖФК Љуботен, каде се бараат службени бодови, поради неправиле настап (настап на фудбалерка со друга легитимација), по разгледување на сите докази кои беа барани од страна на комисијата за женски фудбал и навремено доставени и тоа видеозапис од натпреварот, изјави од двата клуба во врска со настанот како и зјава од контролорот на овој натпревар кој два пати даде различна изјава првиот пат дека све било регуларно но во втората изјава констатира дека имал неправилен настап, комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

По разгледување на сите документи, Комисијата за женски фудбал увиде дека има неправилен настап на фудбалерката Кристина Вељановска со ИД број 145977 родена на ден 23.02.2007 година, која настапила со легитимација на фудбалерката Неделкоска Теодора со ИД број 125 871.

При ваква утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Правилникот за натпревари на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**Поука:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за молби и жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на ова одлука преку овој орган до комисијата за молби и жалби со уплата на такса од 12,000,00 ден, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на такса.

**Доставено до**
Ж.Ф.К.Љуботен
Ж.Ф.К.Атлетико
Мак Фудбал
Архива

**Фудбалска Федерација на Македонија**
Комисијата за Женски фудбал
Заменик претседавач
Мишел Истатов с.р

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
10 - 2391/2
02. 11. 2020 год.

Врз основа на член 5, а заради примена на член 6а, 8а и 17а од Пропозициите за натпреварување во Прва футсал лига за натпреварувачка 2020/2021 година, Комисијата за футсал на ФФМ во состав: Добре Иванов – претседавач, Славе Крстев- заменик претседавач, Златко Ралевски-член, Илија Митров-член, Африм Јонузи-член и Љубчо Ѓеорѓиевски-член, на ОНЛАЈН одржаниот состанок на 30.10.2020 година ја донесе следната :

# ОДЛУКА

1. Натпреварите од 2 коло во Првата футсал лига за натпреварувачка 2020/2021 година предвидени за 31.10 и 01.11.2020 година, се одлагаат за 07/08.11.2020 година.

2. Одлуката да се објави во службено информативниот лист на ФФМ"Мак Фудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Поради измени на Протоколот за спроведување мерки за заштита од КОВИД 19 и стапување на сила на Општиот Протокол за организирање на натпревари, Комисијата за футсал на 30.10.2020 година одржа ОНЛАЈН состанок и ги одложи натпреварите од 2 коло Прва Футсал Лига предвидени да се одиграат на 31.10.2020 (сабота) и 01.11.2020(недела) и истите ги пренасочи да се одиграат на **07.11.2020 (сабота)**година и **08.11.2020 (недела**.

Од причини што Протоколот е составен дел на Пропозициите за Прва футсал лига за натпреварувачка 2020/2021 година, Комисијата за футсал донесе одлука како во диспозитивот.

**Доставено до**

- КМФ Прва лига
- Мак Фудбал
- Архива

Комисија за футсал на ФФМ
Претседавач
Добре Иванов, с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-2223
21.10 2020 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 142 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов –Член, Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска-Член,Кармен Цилакова-член, постапувајки по Жалба бр.08-2291/1 од 16.10.2020 година на Редев Јанкуловски Леонид со ИД 121509 фудбалер на Ф.К.Плачковица исклучен од натпреварот одигран на ден 04.10.2020 година во рамки на 6 коло од Втора МФЛ Исток помеѓу, Ф.К.Каменица Саса-Ф.К.Плачковица поради директен црвен картон, врз основа на член 142 а во вв со челн 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 21.10.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се усвојува жалбата бр.08-2291/1 од 16.10.2020 година на Редев Јанкуловски Леонид со ИД 121509 фудбалер на Ф.К.Плачковица.

2. Се укинува одлуката 0801-2223/2 од 07.10.2020 година донесена од Дисциплинската комисија на ФФМ .

3. На Редев Јанкуловски Леонид со ИД 121509 фудбалер на Ф.К.Плачковица исклучен од натпреварот одигран на ден 04.10.2020 година во рамки на 6 коло од Втора МФЛ Исток помеѓу, Ф.К.Каменица Саса-Ф.К.Плачковица поради директен црвен картон, **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 2(два) првенствени/куп натпревари.**

4. Дисциплинската мерка тече од 05.10.2020 година.

5. Дисциплинската одлука да се објави во Макфудба

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија постапувајќи по Жалба бр.08-2291/1 од 16.10.2020 година на Редев Јанкуловски Леонид со ИД 121509 фудбалер на Ф.К.Плачковица исклучен од натпреварот одигран на ден 04.10.2020 година во рамки на 6 коло од Втора МФЛ Исток помеѓу, Ф.К.Каменица Саса-Ф.К.Плачковица поради директен црвен картон, дополнителен делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот,снимка од натпреварот ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 04.10.2020 година е одигран натпреварот во рамки на **6** коло од Втора МФЛ Исток помеѓу Ф.К.Каменица Саса-Ф.К.Плачковица на Градски стадион во Македонска Каменица .Во 78 минута од натпреварот на играчот со број 8 Редев Јанкуловски Леонид со ИД 121509 фудбалер на Ф.К.Плачковица му е доделен директен црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот Кирил Смоквоски,по барање на фудбалерот комисијата ја разгледа снимката од натпреварот и констатира дека играчот направил прекрошок односно неспортски се однесувал кон противнички фудбалер во прекин на игра односно му ја отргнал раката,исто така до дисциплинската комисија доставена е изјава од страна на судиската комисија во која се вели дека на судијата на натпреварот направил превид во оваа ситуација и добил намалена отцена. Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 142 ст.2 и член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00**

**денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**Ф.К.Плачковица**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-2319/2
29.10 2020 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов – зам.Претседавач, Сашка Зердеска -член и Дејан Бошков- член,Кармен Цилакова-член , постапувајки по пријавата на Комисијата за бр. 15-2319/1 од 20.10.2020 година против Никола Стојановски претставник на Ф.К. Вардар АД поради неспортски однос на натпреварот одигран во рамки на 9 коло Прва МФЛ одигран на ден 17.10.2020 година помеѓу Ф.К.Вардар АД-Ф.К.Шкендија АД на Национална Арена Тодор Проески во Скопје , на седницата одржана на ден 29.10.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. На Никола Стојановски претставник на Ф.К. Вардар АД му се изрекува дисциплинска казна забрана на вршење на функција во траење од 1 (еден) месец.

2. Казната почнува да тече од 18.10.2020 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување бр. 15-2319/1 од 20.10.2020 година против Никола Стојановски претставник на Ф.К. Вардар АД поради неспортски однос на натпреварот одигран во рамки на 9 коло Прва МФЛ одигран на ден 17.10.2020 година помеѓу Ф.К.Вардар АД-Ф.К.Шкендија АД на Национална Арена Тодор Проески во Скопје , пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот. Врз основа на поднесената пријава, Записникот од натпреварот Ф.К.Вардар АД-Ф.К.Шкендија АД одигран на ден 17.10.2020 година во рамки на 9 коло Прва МФЛ ,утврдува дека Никола Стојановски претставник на Ф.К. Вардар АД во 86 минута од натпреварот преставникот на домашната екипа Ф.К.Вардар АД Никола Стојаноски бил отсранет од клупата за официјални лица од страна на главниот судија на натпреварот порадинеспортски и вулгарен однос кон главниот судија на натпреварот.. Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**

**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН-**

**ФК Вардар АД**

**Натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден бр. 0801-2319/2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-2322/3
29.10 2020 год.

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов – Зам.Претседавач , Сашка Зердеска –член ,Дејан Бошков –членКармен Цилакова-Член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1948/1 од 01.09.2020 година против* бр. 15-2322/1 од 23.09.2020 година против Ф.К.Гостивар АД , за занемарување на обврски- неподмирување на долгови кон делегатот Благојче Ангелевски од Битола на натпреварот одигран во рамки на 1/16 финале Куп на Р.М одигран на ден 23.09.2020 година помеѓу Ф.К Гостивар АД-Ф.К.Тиквеш 1930 на Градски Стадион во Гостивар *врз основа на член 35, вв со член 3 на седницата одржана на ден 29.10.2020 година ја донесе следната:*

# *О Д Л У К А*

1. *На **Ф.К Гостивар АД** ,му се изрекува дисциплинска мерка - **ОПОМЕНА.***
2. *Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.*

## *О б р а з л о ж е н и е*

*Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за* бр. 15-2322/1 од 23.09.2020 година против Ф.К.Гостивар АД , за занемарување на обврски- неподмирување на долгови кон делегатот Благојче Ангелевски од Битола на натпреварот одигран во рамки на 1/16 финале Куп на Р.М одигран на ден 23.09.2020 година помеѓу Ф.К Гостивар АД-Ф.К.Тиквеш 1930 на Градски Стадион во Гостивар.
*Комисијата на седницата одржана на ден 29.10.2020 година, постапувајќи по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот, ,изјава од пријавениот. Врз основа на списите во предметот.*
*Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: Пред почетокот на натпреварот во рамки на Куп на Р.М домашната екипа Ф.К.Гостивар АД не доставила уплата до делегатот на натпреварот при што беше покрената дисциплинска постапка против нив,во прецвидениот рок домашниот клуб достави изјава и уплатници до Дисциплинската комисија дека трошоците се подмирени . Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од 35 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, утврди дека дека и со ублажена казна може да се постигне целта на казнувањето, по што ја донесе следната одлука:одлучи како во диспозитивот.*

***Дисциплинска Комисија***
***Претседател***
***Арбен Борова с.р***

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***ДН: Ф.К.Гостивар АД, АРХИВА НА ФФМ , МАКФУДБАЛ***

ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-2356/2
29.10 2020 год.

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов – Зам.Претседавач , Сашка Зердеска –член ,Дејан Бошков –членКармен Цилакова-Член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1948/1 од 01.09.2020 година против* бр. 15-2356/1 од 27.10.2020 година против Ф.К.Вардар Фори , за занемарување на обврски- неподмирување на долгови кон службени лица(судии) на натпреварот одигран во рамки на 1/16 финале Куп на Р.М одигран на ден 22.09.2020 година помеѓу Ф.К Вардар Форино-Ф.К.Вардар АД на Градски Стадион во Гостивар *врз основа на член 35, вв со член 3 на седницата одржана на ден 29.10.2020 година ја донесе следната:*

## *О Д Л У К А*

1. *На **Ф.К Вардар Форино** ,му се изрекува дисциплинска мерка - **ОПОМЕНА.***
2. *Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.*

### *О б р а з л о ж е н и е*

*Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за* бр. 15-2356/1 од 27.10.2020 година против Ф.К.Вардар Фори , за занемарување на обврски- неподмирување на долгови кон службени лица(судии) на натпреварот одигран во рамки на 1/16 финале Куп на Р.М одигран на ден 22.09.2020 година помеѓу Ф.К Вардар Форино-Ф.К.Вардар АД на Градски Стадион во Гостивар .
*Комисијата на седницата одржана на ден 29.10.2020 година, постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот, ,изјава од пријавениот. Врз основа на списите во предметот.*
*Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: Пред почетокот на натпреварот во рамки на Куп на Р.М домашната екипа Ф.К.Вардар Форино не доставила уплата до делегатот на натпреварот при што беше покрената дисциплинска постапка против нив,во прецвидениот рок домашниот клуб достави изјава и уплатници до Дисциплинската комисија дека трошоците се подмирени . Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од 35 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, утврди дека дека и со ублажена казна може да се постигне целта на казнувањето, по што ја донесе следната одлука:одлучи како во диспозитивот.*

***Дисциплинска Комисија***
***Претседател***
***Арбен Борова с.р***

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***ДН: Ф.К.Вардар Форино , АРХИВА НА ФФМ , МАКФУДБАЛ***

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-2355/2
29.10 2020 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов –Член, Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска-Член,Кармен Цилакова-член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2355/1 од 27.10.2020 година против Ромео Кочоски со ИД 101035 фудбалер на Ф.К.Охрид Лихнидос исклучен од натпреварот одигран на ден 24.10.2020 година во рамки на 9 коло од Втора МФЛ Запад помеѓу, Ф.К.Охрид Лихнидос-Ф.К.Тетекс АД поради втор жолт- црвен картон, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 29.10.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Ромео Кочоски со ИД 101035 фудбалер на Ф.К.Охрид Лихнидос исклучен од натпреварот одигран на ден 24.10.2020 година во рамки на 9 коло од Втора МФЛ Запад помеѓу, Ф.К.Охрид Лихнидос-Ф.К.Тетекс АД поради втор жолт- црвен картон, **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 25.10.2020 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за бр. 15-2355/1 од 27.10.2020 година против Ромео Кочоски со ИД 101035 фудбалер на Ф.К.Охрид Лихнидос исклучен од натпреварот одигран на ден 24.10.2020 година во рамки на 9 коло од Втора МФЛ Запад помеѓу, Ф.К.Охрид Лихнидос-Ф.К.Тетекс АД поради втор жолт- црвен картон,дополнителне делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 24.10.2020 година е одигран натпреварот во рамки на **9**коло од Втора МФЛ Запад помеѓу Ф.К.Охрид Лихнидос-Ф.К.Тетекс АД на стадион Билјанини Извори во Охрид .Во 67 минута од натпреварот на играчот со број 11 Ромео Кочоски со ИД 101035 фудбалер на Ф.К.Охрид Лихнидос му е доделен жолт картон од страна на главниот судија на натпреварот поради недозволен старт врз противнички играч,во 81 минута од натпреварот на истиот фудбалер му е доделен втор жолт картон односно црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот Стојанче Трпчески поради недозволен старт врз противнички играч.Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**Ф.К.Охрид Лихнидос**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Дисциплинска Комисија

Фудбалска Федерација ... Скопје
Бр. 0801-2357/2
29.10 2020 год

Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов –Член, Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска-Член,Кармен Цилакова-член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2357/1 од 27.10.2020 година против Кристијан Трапаноски со ИД 105535 фудбалер на Ф.К.Академија Пандев АД исклучен од натпреварот одигран на ден 25.10.2020 година во рамки на 10 коло од Прва МФЛ помеѓу, Ф.К.Македонија Ѓ́П 1932 АД АД - Ф.К.Академија Пандев АД поради втор жолт- црвен картон, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 29.10.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. На Кристијан Трапаноски со ИД 105535 фудбалер на Ф.К.Академија Пандев АД исклучен од натпреварот одигран на ден 25.10.2020 година во рамки на 10 коло од Прва МФЛ помеѓу, Ф.К.Македонија Ѓ́П 1932 АД АД - Ф.К.Академија Пандев АД поради втор жолт- црвен картон,, **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 26.10.2020 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за бр. 15-2357/1 од 27.10.2020 година против Кристијан Трапаноски со ИД 105535 фудбалер на Ф.К.Академија Пандев АД исклучен од натпреварот одигран на ден 25.10.2020 година во рамки на 10 коло од Прва МФЛ помеѓу, Ф.К.Македонија Ѓ́П 1932 АД АД - Ф.К.Академија Пандев АД поради втор жолт- црвен картон,дополнителне делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 25.10.2020 година е одигран натпреварот во рамки на **10** коло од Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Македонија Ѓ́П 1932 АД -Ф.К.Академија Пандев АД на стадион на Ф.К.Македонија Ѓ́П во Ѓ́орче .Во 71 минута од натпреварот на играчот со број 77 Кристијан Трапаноски со ИД 105535 фудбалер на Ф.К.Академија Пандев АД му е доделен жолт картон од страна на главниот судија на натпреварот поради туркање,во 90 минута од натпреварот на истиот фудбалер му е доделен втор жолт картон односно црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот Јован Качески поради недозволен старт врз противнички играч.Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**Ф.К.Академија Пандев АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**